ОДУ.бр.380/23

**Република Северна Македонија**
**Н О Т А Р**
**НАДА ПАЛИЌ**
**за подрачјето на основните**
**судови на градот Скопје**
**ул.”Пролет” број 35 А Скопје**
**2023.05.31**

# ЗАПИСНИК

## од Годишно Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

Република Северна Македонија
**НОТАР**
**НАДА ПАЛИЌ**
на подрачјето на основните судови на град Скопје
ул."Пролет"број 35А Скопје
2023.05.31
13:00(тринаесет)часот

ОДУ.бр.380/23

ИЗВОД

Јас, **Нотар Нада Палиќ** од Скопје ул."Пролет"број 35А, потврдувам дека во двеилјадитаидваесетитрета година, месец мај, ден триесетипрви, врз основа на писмено Барање од НЛБ Банка АД Скопје, заведено под број 0201-206 од 05.05.2023 година, кое е прилог на овој записник, да присуствувам на Годишно Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје, закажано за ден 31.05.2023 (ден триесетипрви, месец мај, двеилјадитаидваесетитрета) година, со почеток во 13:00 (тринаесет) часот, во седиштето на НЛБ Банка АД Скопје на ул."Мајка Тереза" број 1 Скопје, заради превземање на службено дејствие согласно член 92 од Законот за нотаријатот и член 383 и 384 од Законот за трговските друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан Нотар да потврди Одлуки на Годишно собрание на акционери, го сочинив следниот----------------------------------------------------------------

**ЗАПИСНИК**

**од Годишно Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје**

Пред отпочнување на службеното дејствие утврдив дека:-----------------------------------------------------------

НЛБ Банка АД Скопје, ЕМБС 4664531, со седиште на ул."Мајка Тереза" број 1 Скопје е запишано во единствениот трговскиот регистар при Централен Регистар на Република Северна Македонија - Скопје, видно од увид во Тековна состојба /електронски издаден документ/ издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија – Трговски регистар и регистар на други правни лица под број 0805-50/150020230140906 од 31.5.2022 година.-------------------------------------------------------------------------

Согласно Акционерската книга на НЛБ Банка АД Скопје издадена на ден 31.05.2023 година – 08:10:48 часот од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје /електронски издаден документ/, која е прилог на овој записник, а кои се водат под ISIN MKTNBA101019, утврдив дека издавачот НЛБ Банка АД Скопје издало под Вид-Обични акции, со номинална вредност по ХВ: 1000 (еднаилјада) МКД, со вкупен број на ХВ: 854.061 (осумстотини педесетичетириилјадиишеесетиеден), со вкупен номинален капитал од 854.061.000,00 МКД (осум стотинипедесетичетirимилиониишеесетиеднаилјададенари), број на гласови 854.061 (осумстотинипедесетичетириилјадиишеесетиеден), состојба-Активен, број на иматели 1048 (еднаилјадаичетириесетиосум) со број на сопственички позиции 1052 (еднаилјадаи педесетидве).---------------------------------------------------------------------------------------------------

Од увидот во Акционерска книга, утврдив дека акционери на НЛБ Банка АД Скопје се физички и правни лица.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието е свикана врз основа на член 41 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, а согласно Одлука за свикување на Годишно собрание на НЛБ Банка АД Скопје и за утврдување на дневен ред за Собранието донесена од Надзорниот одбор на Банката на ден 31.03.2023 година, заведена под број 0203-103 од 31.03.2023 година, која е прилог на овој записник и Одлука за измена и дополнување на Одлука за свикување на Годишно собрание на НЛБ Банка АД Скопје донесена од Надзорниот одбор на Банката на ден 20.04.2023 година, заведена под број 0203-159 од 20.04.2023 година, која е прилог на овој записник и на начин определен во член 387 од Законот за трговските друштва, со Јавен повик во дневен весник "Нова Македонија" од 28.04.2023 (ден дваесетиосуми, месец април, двеилјадитаидваесетитрета)година, во кој е објавено дека Годишното собрание на акционери ќе се одржи на ден 31.05.2023 година, со почеток во 13:00 часот, во просториите на НЛБ Банка АД Скопје на ул."Мајка Тереза" број 1 Скопје, а во кој е објавен дневниот ред на Годишното собрание на акционери, а кој е прилог на овој записник .-----------------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието започна во 13:08 часот (тринаесетчасотиосуминути) и ја отвори акционерот Донка Марковска, која најпрвин ги поздрави присутните акционери и констатира дека предлогот на Дневниот ред на Годишното собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје уредно е објавен во Јавниот повик во дневниот весник "Нова Македонија" од 28.04.2023 година, како и дека материјалите од

ова Собрание согласно јавниот повик за свикување на Годишното собрание беа достапни за увид во просториите на НЛБ Банка АД Скопје, во Секторот за правни работи и секретаријат, секој работен ден од 10:00 до 13:00 часот од денот на објавувањето на јавниот повик, како и на интернет страницата на НЛБ Банка АД Скопје www.nlb.mk. Присутни на оваа седница на Собрание на акционери се Претседателот на Управен одбор Бранко Грегановиќ, членот на Управен одбор Петер Зелен, членот на Управен одбор Игор Давчевски и независниот член на Надзорниот одбор Зоран Јовановски.----------------

Акционерот Донка Марковска, констатира дека врз основа на потпишаниот Список на присутни акционери односно нивните полномошници со што го верификуваа своето присуство на Собранието (верификуван учесник на Собранието), а кој список е прилог на овој записник, од вкупниот број 853.265 обични акции со право на глас, присутни се акционери кои поседуваат **745.592 акции со право на глас** што претставува **87,4 %** од вкупниот број на акции со право на глас за ова Собрание, согласно акционерската книга издадена на денот одржувањето на ова Собрание, што значи дека на седницата на Собранието се присутни верификувани учесници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас, односно обично мнозинство, што значи Собранието има кворум и може да одлучува по сите точки од дневниот ред, со прилог кон истиот Известување за учество на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје, 31.5.2023 од доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана за неговото присуство преку своите полномошници секој поединечно адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје и адвокат Диана Бардаров од Скопје од 23.05.2023 година, врз основа на Полномошно дадено од доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана, заверено од Нотар Миро Кошак од Љубљана под бр.ОВ.3253/2023 од 24.05.2023 година.-------------------

Акционерот Донка Марковска, истакна дека Списокот на присутни акционери на Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје со свој потпис ќе го завери Претседавачот на Собранието и Нотарот. Од верификуваниот список за присуство Претседавачот објави дека Собранието има потребен кворум за работа и истото полноважно може да донесува одлуки по сите точки на дневниот ред, согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Банката.----------------------------------

Акционерот Донка Марковска, истакна дека предлогот на дневниот ред е објавен во Јавниот повик и на официјалната интернет страница на друштвото за свикување на денешната седница на Годишното собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје и предлози за измени и дополнувања на дневниот ред до овој момент не се поднесени, па за денешното Годишното собрание на акционери се предлага следниот:--------------------------------------------------

------------------------------**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**------------------------------

**1.Избор** на претседавач на Собранието; ----------------------------------

**2.Избор** на записничар и на бројач на гласови на Собранието; ---------------------

**3.Годишен извештај** за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година, со:------------------

***Мислење на Надзорниот одбор** по Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година;------------------------------------

***Предлог – Одлука** за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година; -------------------------------------

**4.Извештај** на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2022 година, со:--------------------------------

***Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2022 година;--------------------

***Предлог – Одлука** за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2022 година; ------------------------------

**5.Извештај** на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2022 година, со:---

***Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2022 година;---

***Предлог – Одлука** за разгледување и прифаќање на Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2022 година;---

**6.Годишен извештај** за работењето на Надзорниот одбор во 2022 година со вклучени резултати од поединечна и колективна **Оцена** на работата на членовите на Надзорниот одбор за 2022 година, со---

***Предлог – Одлука** за одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година; ---

**7.Предлог – Одлуки** за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор; ---

**8.Годишен извештај** за работењето на Управниот одбор во 2022 година, со---

* **Предлог – Одлука** за одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година;---

**9.Предлог - Одлуки** за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор; ---

**10.Предлог – Одлука** за усвојување на годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година;---

**11.Предлог – одлука** за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка на и финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година и на акумулираната добивка од 2021 година; ---

**12.Предлог – одлука** за определување на износот на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година; ---

**13.Предлог – одлука** за назначување друштво за вршење ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2023 година;---

**14.Предлог – олука** за одобрување на Политика за наградување на НЛБ Банка АД Скопје.---

**15.Предлог – одлука** за измена и дополнување на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје.---

Се премина на точка **1** од Дневниот ред **Избор на Претседавач на Собранието**.---

Акционерот Донка Марковска истакна дека, согласно член 48-а од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, со седницата на Собранието претседава Претседавач, кој се избира за секое одделно Собрание. Согласно законските прописи Претседавач на Собранието може да биде избран секој акционер или лице кое што застапува акционер, а не може да биде избран член на Управниот одбор или член на Надзорниот одбор, па за Претседавач на ова Собрание го предложи акционерот Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана застапувано од полномошник адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје.---

На ваквиот предлог акционерот Донка Марковска, праша дали има некој забелешки и дали има друг предлог, па како никој немаше друг предлог, Предлог-Одлуката за избор на Претседавач на Собранието ја стави на гласање на Собранието, која е прилог на овој записник. Гласањето е јавно. ЗА предлогот гласаа 744.992 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ 600.---

кционерот Донка Марковска, констатира дека Собранието донесе **Одлука за избор на претседавач а Собранието**/прилог на овој записник/ односно **Претседавач на Собранието на акционери**, огласно член 395 став 2 од Законот за трговските друштва е избран **акционерот Нова Љубљанска анка Д.Д. Љубљана-преку полномошник адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје,** чиј идентитет го тврдив од лична карта број М0133519, ЕМБГ 1906965482000 издадена од МВР Скопје.-----------------

Претседавачот на собранието се заблагодари за изборот и довербата и премина на точка 2 од Дневниот ред **Избор на записничар и бројач на гласови на Собранието**.-----------------

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневен ред за записничар на денешното Собрание на акционери се предлага Нотар Нада Палиќ од Скопје кој ќе го води и изготви Записникот од оваа седница на Собранието и за бројач на гласови на денешното Собрание на акционери се предлага да бидат избрани Мила Божиновска и Андријана Бучковска правници во Секретаријат при Сектор за правни работи и секретаријат, па праша дали има некој забелешки и дали има друг предлог, па како никој немаше забелешки и друг предлог, Предлог-Одлука за избор на записничар и бројач на гласови, ја стави на гласање на Собранието, која е прилог на овој записник. Гласањето е јавно. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. -----------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за избор на записничар и бројач на гласови**/која е прилог на овој записник/.-----------------

Се премина на точка 3 од Дневниот ред **Годишен извештај** за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година, со:-----------------

***Мислење на Надзорниот одбор** по Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година;-----------------
***Предлог – Одлука** за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година; -----------------

Претседавачот на собранието истакна дека Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година, со Мислењето кон Годишниот извештај за работењето на Банката во 2022 година од Надзорниот одбор до Собранието на Банката и Предлог – Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година, се прилог кон материјалите за оваа седница /прилози на овој записник/, па му даде збор на Претседателот на Управен одбор Бранко Грегановиќ, кој се заблагодари на присуството на овогодишното Годишно Собрание на акционери на НЛБ Банка и се осврна на работењето на Банката во изминатиот период.

"Во 2022 година, Банката работеше прилагодувајќи ги своите тековни оперативни активности и ценовната политика на економските и пазарните услови, согласно промените во законските одредби и промените во деловната политика на НЛБ Групацијата. Минатата 2022 беше година на големи предизвици. Наспроти очекуваното закрепнување од економската криза предизвикана од пандемијата на КОВИД-19, македонската економија во 2022 година се соочи со влошено глобално опкружување, како резултат на геополитичките тензии помеѓу Русија и Украина, што предизвика потреси на пазарите на енергија и прехранбените производи, засилувајќи ги ефектите од високата инфлација.-----------------
Сепак и покрај неповолните економски текови, Банката во 2022 година оствари позитивни деловни резултати во речиси сите сегменти од работењето, истовремено обезбедувајќи раст на кредитите и депозитите и зголемена нето добивка во однос на претходната година.-----------------
Минатата, 2022 година ја завршивме со нето-добивка од 39,6 милиони ЕУР, што претставува годишен пораст од 9,7%. Реализираниот поврат на капитал РОЕ изнесуваше 18,4%, додека учеството на оперативните трошоци во вкупните нето-приходи изнесуваше 44,2%. Вкупната актива на Банката достигна 1,8 милијарди ЕУР или 4,6% повеќе во однос на минатата година, пред сè како резултат на повисоката состојба на кредити во двата сегменти: домаќинства и правни лица. Притоа, уделот на нефункционалните пласмани се намали на нивото од 4,2% од вкупното кредитно портфолио.-----------------

Од страна на изворите на финансирање - депозитите на домаќинствата достигнаа 1,1 милијарди ЕУР односно раст од 5,8%. Стапката на адекватност на капиталот забележа годишно зголемување за 0,2 п.п. достигнувајќи највисоко забележано ниво од 18,2%.-----------------
Кон крајот на годината Банката започна ново поглавје во своето работење преку основање на друштвото за лизинг-услуги NLB Lease & Go (во кое Банката поседува 49% од вкупниот основачки--------

капитал на друштвото), чија деловна активност опфаќа широк спектар на решенија за лизинг, вклучувајќи и осигурување и други придружни услуги за користење на возилата и опремата што ќе бидат дадени под закуп.------------------------------------------------------------------------------------------
Генерално гледано, Банката го одржа високото пазарно учество и трендот на раст, што е уште еден показател за успешноста на Банката во поглед на обезбедување на континуитет во работните процеси во услови на сеприсутна глобална економска криза.-------------------------------------------------------------
Покрај одличните резултати од редовното работење на Банката, во изминатата година Банката реализираше низа општествено одговорни проекти со значаен импакт во заедницата во која делува. Тука би ги издвоил бројните донации кон ранливи категории, патронството на Асоцијацијата за цистична фиброза, третата Рамка за помош со фокус на одржливоста и низа други активности и проекти за поддршка на спортот, културата и традицијата. ------------------------------------------------------
Дигитализацијата на производите и услугите, и во текот на 2022 година, беше една од стратешките определби на Банката, при што за клиентите се овозможија нови функционалности и подобрено корисничко искуство. Покрај тоа се зголемија и активностите поврзани со подобрување на функционалностите на каналите на Банката, како:-----------------------------------------------------------------
•Нови функционалности преку Киоск-уредите на Банката;-----------------------------------------------------
•Надградба и обнова на АТМ мрежата на Банката, зголемување на бројот на банкомати кои овозможуваат бесконтактни трансакции;----------------------------------------------------------------------------
•Дигитализација на картичните податоци на NLB Pay мобилниот паричник;---------------------------------------
•Замена на постојниот скоринг механизам со нов сервис за кредитна анализа (скорирање) на корисниците при аплицирање за мКлик кредити (Watson); -------------------------------------------------
•Подобрувања на функционалностите на мобилното и електронското банкарство.-------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Во текот на годината, Банката оствари одлични резултати и од небанкарските производи како што е продажбата на осигурување особено преку новиот хибриден производ – Unit Linked, инвестициско ризико осигурување на живот, и солидни резулати во продажбата на приватното здравствено осигурување.--------------------------------------------------------------------------------------------------
-Одличните деловни перформанси на Банката беа забележани и наградени од реномирани интернационални институции, бизнис партнери и пошироката јавност. Меѓу позначајните награди: --------
-11-тата награда за „Банка на годината“ од „The Banker“.------------------------------------------------------
-Шеста година по ред „Најдобра банка во Македонија“ во рамки на „European Business Awards“ од „EMEA Finance“ ;--------------------------------------------------------------------------------------------------
-Високи втори и трети места во пет категории и тоа: вкупна актива, големина на капитал, бруто-добивка, поврат на актива и поврат на капитал од „Finance Central Europe“------------------------------------------------
-Три престижни Visa признанија за 2021 година за цела Југоисточна Европа и др.--------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Иднината е неизвесна и носи предизвици, но вистинска уметност е нивната трансформација во можности. Тоа е нашата стратегија за иднината.------------------------------------------------------------------
Дигитализацијата и натаму останува меѓу приоритетите, дигиталната трансформација и натаму ќе го има главниот збор во претстојните активности. Планираме понатамошно збогатување на нашето портфолио со иновативни продукти и услуги, а истовремено ќе продолжиме да ги модернизираме нашите експозитури за едно поинакво и подобро клиентско искуство. ---------------------------------------------
И во периодот кој следи Банката ќе продолжи да обезбедува кредитна поддршка на населението и бизнис секторот, давајќи и натаму значаен придонес во македонската економија. Ќе продолжиме и со поддршка на проекти од областа на општествената одговорност и одржливиот развој со цел подобрување на квалитетот на животот во заедницата во која живееме и работиме и придонес кон одржлив економски, еколошки и социјален систем.”------------------------------------------------------------
На крајот, ја изрази искрената благодарност во негово лично име и во името на сите вработени во Банката, за континуирана поддршка на акционерите и довербата како наши акционери, клиенти и деловни партнери, со надеж дека добрата соработка ќе продолжи и во иднина.--------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
За збор се јави акционерот Моме Веселиновски кој прво истакна дека со оглед на тоа што минатата година не беше присутен на Собранието Претседателот на Управен одбор Бранко Грегановиќ, му посака добродојде и успешна работа и понатаму. Потоа истакна дека оваа година како акционер е задоволен и дека резултататите оваа година се добри, но се осврна на тоа што порано имало пет годишен план на работењето на банката, а во изминатите години таков пет годишен план нема, па праша каква ќе биде иднината на Банката и дали некако тука нешто може да се каже?------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---

а збор се јави Претседателот на Управниот одбор Бранко Грегановиќ, кој одговори дека за следните ет години Банката планира константен развој на пазарната позиција и работењето во сите клучни егменти на Банката, пред се во кредитната подршка во македонската економија и подобрување на фикасноста во делот на платниот промет.Тоа се нашите најголеми предизвици, што се однесува на игитализацијата и во тој смисол сакаме да бидеме одлична банка на пазарот, како во поглед на новации во подрачјето на платниот промет, паралелно развивајќи ја дигитализацијата на кретитните слуги. Во друг план малку со подолгорочен рок се пред се дистрибуцијата на производите на сигурувањето, дистрибуција на производите во управување со инвестициските фондови и посериозен пез во услугите на лизинг. Од оваа гледна точка нашиот пазарен удел во кредитирање на население е 3/24%, а во наредниот период ќе настојуваме тој да се зголеми од околу 25% и повеќе. Но, најголем редизвик за Банката е пазарниот удел во сегментот стопанство, кој имаме цел да достигне на ниво од колу 20%, а сега е 14%, така што сме посветени на подршката на развојот на стопанството.---------------

---

а збор се јави акционерот и Директор во Банката Донка Марковска која истакна дека Претседателот на Іправниот одбор Бранко Грегановиќ ја даде генералната стратегија и визија на Банката за наредниот ериод. Не би квантификувала со детали и прецизни бројки, од причина што амбиентот е прилично олатилен, не само во на финансиските пазари, туку и генерално во општата економска состојба, со лучувањата во источна Европа и случувањата во нашето непосредно соседство тоа се Косово и Србија, вклучително и Македонија. Она што може да се каже е дека остануваме на нашата стратегија, на определбата на Банката да работи профитабилно и од година во година да ги подобрува своите езултати, а со тоа и приносот на акциите. И во таа смисла остануваме на таа наша патека, раст и развој и уште попрофитабилно работење во наредниот пет годишен период.--------------------------------------

---

Повторно зема збор Претседателот на Управниот одбор Бранко Грегановиќ кој истакна дека пр736виот наш предизвик е кадровското подрачје односно кадровската политика во Банката, која се повеќе како сектор од ден на ден е поатрактивна не само за младите, него и воопшто за амбициозни креативни кадри, па во последните години сме посветени да бидеме што повеќе интересни, занимливи и за амбициозните млади и успешни кадри. Никогаш повеќе Банката не зависела од своите амбициозни и талентирани кадри, не само НЛБ банка туку цел банкарски сектор. Додека вториот наш предизвик кој е во рамките на НЛБ Групацијата е обврската за остварување на одржлив развој во наредниот период, но тој изускува и често бара малку жртвување на тековните резултати за некое време. Одржливиот развој е пред се во зелената трансформација/зелената миграција, општествена одговорност и трансформација. Тука би ја спомнал обврската од Повелбата на Обединетите нации за нулта јаглероден диоксид во воздухот до 2050 година, која не е само обврска на Банката туку и за целата Групација, но за тоа треба доста да се сработи, за да се оствари. Значи тоа е вoглавно нашиот пет и повеќе годишен план на работењето на Банката, зелената трансформација, кадровската политика и одржливиот развој на Банката.------------------------------------------------------------------------------------------------

---

За збор се јави акционерот Мартин Ѓорѓиев кој истакна дека би ја продолжил дискусијата од претходниот акционер во тој правец. Имено, на времето била законска обврска за деловните планови на Банката да се гласа на Собранието на акционери, но тоа го смени Народната Банка, па сега тоа го прави Надзорниот одбор. Исто така истакна дека ќе даде некој совет на Банката за во иднина, во смисол дека треба Банката да поработи повеќе на корпоративни комуникации, затоа што се исклучително битни за акционерите, бидејќи се одразуваат на цената на акциите. Конкретно на пример, оваа година Банката издвои рекордна добивка, може слободно да се каже најголема во банкарскиот сектор, меѓутоа од аспект на ефектот на Берзата тоа не се почуствува, затоа што ако ја погледнеме хронологијата на цената на акциите во една година Банката имаше пад на вредноста на акцијата, што ќе се каже инвеститорите не дека не се толку стручни во Македонија, меѓутоа не добиваат соодветни фит/бек информации од органите на Банката. Во овој правец на пример со објавувањето на Годишниот извештај во кој имаше таканаречена техничка грешка, но не би се сложил дека беше техничка грешка, него беше од суштествено значење, даден е еден износ на бонус кој што претседателот на Управниот одбор го има добиено, за да истиот се корегира. Можеби Банката имала среќа што некој медиум не бил толку брз за да ја прочита првичната верзија од објавениот извештај, но кој ефект ќе предизвикаше во јавноста кај инвеститорите, а кој износ беше многу голем од еден милион евра. -----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Така што предложи пред да се објавува Годишниот извештај кој е витален документ, да се направат некои механизми пред да се објави, детално да се разгледа и провери. Исто така истакна дека треба да

---

се земе праксата во НЛБ Групацијата од аспект на обраќањето на акционерите кое што е на многу високо ниво, па кога се објавуваат квартални податоци и секако да има медиумска присутност на членовите на Управниот одбор во елаболирањето на резултатите. Тоа ќе има позитивен аспект врз вредноста на акциите. Па така во првиот квартал Банката оствари феноменалани резултати, но цената на акциите падна. И сега тука не може да се каже дека влијаеле случувањата во светот, затоа што имаме пример на друга членка во МБ 10 индексот која што во периодот од една/две години и се дуплираше вредноста на акциите, баш поради тој момент, алудирам на Комерцијална банка. Па така смета дека банката има многу што да покаже, а од тој аспект е многу скромна во презентацијата на реалните резултати што ги прави. Така што типот кој го има НЛБ Групацијата во обраќање кон јавноста ние ќе видиме раст на акцијата кој би бил од 5% до 10% во квартал, што секако ќе има врз акционерите ефект без оглед дали вложувањата на акционерите биле краткорочни или долгорочни. Вака ние ефектот го гледаме од една годишна дивиенда, што не е спорно, а која е одлична, но од аспект на капитал може да се случи некој акционер кој вложил краткорочно, дури да му се намали капиталот. Што значи во време на се присутни медиуми, социјални мрежи, предлагам Банката да работи повеќе на корпоративни комуникации кон јавноста, што ќе предизвика нови акционери да инвестираат, затоа што тоа е во интерес на доминатниот акционер и на сите акционери и ќе предизвика раст на Банката, раст на капиталот на Банката.------------------------------------------------------------------------------------

Повторно зема збор Претседателот на Управниот одбор Бранко Грегановиќ, му се заблагодари на акционерот за дадениот предлог и истакна дека ќе се земе во предвид оваа сугестија, со оглед на тоа што комуникацијата никогаш не е доволна.------------------------------------------------------------------

Како никој друг не зема збор, по исцрпната дискусија Претседавачот на собранието, Предлог – Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година**/прилог на овој записник/.------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на точка <u>**4** од Дневниот ред</u> **Извештај** на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2022 година, со:-----------------------------

***Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2022 година;--------------------
***Предлог – Одлука** за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2022 година; -----------------------------------------------

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневниот ред истакна дека согласно Законот за банките, Надзорниот одбор на Банката го разгледува Извештајот на Друштвото за ревизија за финансиските извештаи и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на Банката, а согласно Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор на Банката на Собранието му поднесува писмен Извештај за контрола по Извештајот на Ревизорската куќа, за извршена ревизија на финансиските изврштаи за претходната деловна година.------------------------------------------------------------------------------

Исто така Претседавачот на собранието истакна дека Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2022 година од 05.04.2023 година, со Извештајот за контрола и Мислење на Надзорниот одбор по Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2022 година од 31.03.2023 година и Предлог – Одлуката за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД
----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2022 година, се прилози кон материјалите за оваа седница/прилози на овој записник/. Исто така истакна дека присутен на оваа седница на Собрание на акционери е Даница Ганчева -претставникот на Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени ревизори-ДОО Скопје,па праша дали некој бара збор. Како никој не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог – Одлуката за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2022 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2022 година**/прилог на овој записник/.---------------------------

Се премина на <u>точка **5** од Дневниот ред</u> **Извештај** на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2022 година, со:--

***Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2022 година;--------------------------------------------------------------

***Предлог – Одлука** за разгледување и прифаќање на Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2022 година; ------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневниот ред истакна дека Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2022 година од 05.04.2023 година, со Извештајот за контрола и Мислење на Надзорниот одбор по Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2022 година од 31.03.2023 година и Предлог – Одлуката за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2022 година, се прилози кон материјалите за оваа седница/прилози на овој записник/, па праша дали некој бара збор. Како никој не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог – Одлуката за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2022 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за разгледување и прифаќање на Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2022 година**/прилог на овој записник/.---------------------------------------------------------------

Се премина на <u>точка **6** од Дневниот ред</u> **Годишен извештај** за работењето на Надзорниот одбор во 2022 година со вклучени резултати од поединечна и колективна Оцена на работата на членовите на Надзорниот одбор за 2022 година,со------------------------------------------------------

**Предлог – Одлука** за одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година; ---

Претседавачот на собранието по оваа точка од дневниот ред истакна дека согласно Законот за банките, Надзорниот одбор на Банката најмалку еднаш годишно врши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и за тоа го известува Собранието на Банката. ---

Согласно Одлуката на НБРСМ за правилата за добро корпоративно управување во Банката, оцена на соодветноста на членовите на Надзорниот одбор се прави еднаш годишно, а Надзорниот одбор е должен да ги земе предвид резултатите од извршената оцена и за истите да го извести Собранието на Банката. Во оваа насока во Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, со вклучени резултати од поединечна и колективна оцена на работата на членовите на Надзорниот одбор за 2022 година, вклучени се и резултатите од извршената поединечна и колективна оцена на работата на членовите на Надзорниот одбор, со Предлог – Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2022 година со вклучените резултати од поединечната и колективната оцена на работата на членовите на Надзорен одбор за 2022 година, се прилог кон материјалите за оваа седница/прилози на овој записник/, па праша дали некој бара збор. Како никој не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог-Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2022 година со вклучените резултати од поединечната и колективната оцена на работата на членовите на Надзорен одбор за 2022 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2022 година со вклучените резултати од поединечната и колективната оцена на работата на членовите на Надзорен одбор за 2022 година**/прилог на овој записник/.---

Се премина на <u>точка **7** од Дневниот ред</u> **Предлог – Одлуки** за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор.---

Претседавачот на собранието истакна дека согласно Законот за трговските друштва, Годишното собрание по завршување на деловната година, задолжително одлучува за работата на сите членови на Надзорниот одбор. За одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор се гласа подделно за секој член на Надзорниот одбор, па Предлог-Одлуката за одобрување на работата на претседателот на Надзорниот одбор Блаж Бродњак, која е прилог кон материјалите за оваа седница/прилог на овој записник/, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на претседателот на Надзорниот одбор, Блаж Бродњак**/прилог на овој записник/.---

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на заменик-претседател на Надзорниот одбор, Боштјан Ковач во 2022 година, што започна да ја извршува од 18.04.2022 година, која е прилог кон материјалите за оваа седница/прилог на овој записник/, ја стави на гласање Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на заменик-претседател на Надзорниот одбор, Боштјан Ковач** /прилог на овој записник/.---

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор, Кристина Ковачич Бјелајац, која е прилог кон материјалите за оваа седница/прилог на овој записник/, ја стави на гласање Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Кристина Ковачич Бјелајац**/прилог на овој записник/.-------

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор, Андреја Стражишар, која е прилог кон материјалите за оваа седница/прилог на овој записник/, ја стави на гласање Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.--------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор, Андреја Стражишар**/прилог на овој записник/.----------------

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на независниот член и втор заменик-претседател на Надзорниот одбор, Зоран Јовановски, која е прилог кон материјалите за оваа седница/прилог на овој записник/, ја стави на гласање Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.----------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на независниот член и втор заменик-претседател на Надзорниот одбор, Зоран Јовановски** /прилог на овој записник/.-------------------------------------------------------

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на независниот член на Надзорниот одбор Матеја Тревен, која е прилог кон материјалите за оваа седница/прилог на овој записник/, ја стави на гласање Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.--------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на на независниот член на Надзорниот одбор Матеја Тревен**/прилог на овој записник/.-----------------------------------------------------------------------

Со тоа Претседавачот на собранието констатира дека е одобрена работата во 2022 година на сите членови на Надзорниот одбор.-----------------------------------------------------------

Се премина на <u>точка **8** од Дневниот ред</u> **Годишен извештај** за работењето на Управниот одбор во 2022 година, со--------------------------------------------------------------------------

*** Предлог – Одлука** за одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година;--------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието истакна дека Годишниот извештај за работењето на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2022 година, со Предлог – Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2022 година, се прилог кон материјалите за оваа седница/прилози на овој записник/, па праша дали некој бара збор. Како никој не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог-Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година** /прилог на овој записник/.---------------------------------------------------------------

Се премина на <u>точка **9** од Дневниот ред</u> **Предлог - одлуки** за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор.--------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието истакна дека согласно Законот за трговските друштва, Годишното собрание по завршување на деловната година, задолжително одлучува за работата и водењето на работењето на Банката од страна на сите членови на Управниот одбор. За одобрување на работата на членовите на Управниот одбор се гласа подделно за секој член на Управниот одбор, па Предлог----------

Одуката за одобрување на работата на претседателот на Управниот одбор Бранко Грегановиќ во текот на 2022 година, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на претседателот на Управниот одбор Бранко Грегановиќ** /прилог на овој записник/.---

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на членот на Управниот одбор Петер Зелен, која е прилог кон материјалите за оваа седница/прилог на овој записник/, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Управниот одбор Петер Зелен** /прилог на овој записник/.---

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на членот на Управниот одбор Гинтер Фриедл, што ја извршување до 18.12.2022 година, која е прилог кон материјалите за оваа седница/прилог на овој записник/, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Управниот одбор Гинтер Фриедл** /прилог на овој записник/.---

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на член на Управниот одбор Игор Давчевски, која е прилог кон материјалите за оваа седница/прилог на овој записник/, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Управниот одбор Игор Давчевски** /прилог на овој записник/.---

Со тоа Претседавачот на собранието констатира дека е одобрена работата во 2022 годинана на сите членови на Управниот одбор.---

За збор се јави Претседателот на Управниот одбор Бранко Грегановиќ, кој во негово име и во име на сите членови на Управниот одбор се заблагодари на акционерите на искажаната доверба, со надеж за уште поголеми успеси и резултати во наредниот период.---

Се премина на точка **10** од Дневниот ред **Предлог - Одлука** за усвојување на Годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година.---

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневниот ред истакна дека согласно Законот за банки, Собранието ја усвојува годишната сметка и финансиските извештаи на Банката, па по Предлог – Одлуката за усвојување на годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за завршната година на 31.12.2022 година, која е прилог кон материјалите за оваа седница/прилог на овој записник/, со составен дел на истата Биланс на успехот во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, Биланс на состојбата на ден 31.12.2022 година, Државна евиденција-образец ДЕ и Образец за структура на приходи по дејности-СПД. Претседавачот праша дали некој бара збор. Како никој не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог-Одлуката за усвојување на Годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за завршната година на 31.12.2022 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година**/прилог на овој записник/.---

Се премина на точка **11** од Дневниот ред **Предлог – одлука** за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка на и финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година и на акумулираната добивка од 2021 година.-----------------------------------------------

Претседавачот на собранието истакна дека согласно Законот за банките, Собранието на акционери одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка по годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година, па по Предлог – одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка на и финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година и на акумулираната добивка од 2021 година, која е прилог кон материјалите за оваа седница/прилог на овој записник/, Претседавачот праша дали некој бара збор. Како никој не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог-Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка на и финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година и на акумулираната добивка од 2021 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка на и финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година и на акумулираната добивка од 2021 годин**а/прилог на овој записник/.-----------------------------------------------

За збор се јави акционерот Венко Темелковски, кој го поздрави Управниот одбор и упати честитки за неговото успешно работење и постигнатите резултати. Исто така истакна дека Банката прескромно претходната година тргнала, со голем страв, а резултатите зборат за нешто спротивно. Задоволен е што бил во право и стравот бил неоправдан, меѓутоа задоволен е, она што го должела Банката, делумно го вратила на акционерите, како и до година Банката да го додаде тоа што ни е запишано. Но, во секој случај искажа благодарност и подршка за работењето на Банката и до година да биде исто така успешна.Живи и здрави.-----------------------------------------------

Се премина на точка **12** од Дневниот ред **Предлог – одлука** за определување на износот на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година.-----------------------------------------------

Претседавачот на собранието истакна дека согласно член 487 од Законот за трговски друштва по одобрувањето на Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по годишна сметка и финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година и акумулирана добивка од 2021 година, Собранието на акционери го определува делот кој што им се доделува на акционерите во форма на дивиденда, според родот и класата на акциите. НЛБ Банка АД Скопје има вкупно издадено 854.061 обични акции и секој акционер има право на дивиденда соодветно на бројот на акции кои ги поседува. Износот на дивиденда е 2.431 МКД бруто дивиденда по акција, а датумот на евиденција според којшто се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда е 14.06.2023 година. Планот за исплата на дивидендата и денот на којшто дивидендата започнува да се исплаќа на датум е 30.06.2023, 30-от ден од одржувањето на ова Собрание на акционери, па праша дали некој бара збор по Предлог-Одлуката за определување на износот на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година, која е прилог кон материјалите за оваа седница/прилог на овој записник/. Претседавачот праша дали некој бара збор. За збор се јави акционерот Владимир Кандикјан, кој истакна дека не земал збор во точката за разгледување на Годишниот извештај, пред се за да им даде можност и на другите акционери да земат збор, така што упати честитки за успешните резултати, се радува што Банката продолжила со успеси и во иднина, така што во првиот квартал има 23% зголемување, кај вториот квартал има зголемување, така што тоа се импресивни резултати и ќе дадеме подршка и понатаму. Но, има едно прашање кое е запоставено во корпоративната практика во Македонија, тоа е Политиката на дивиденда. Иако во Законот за трговски друштва експлицитно има обврска за друштвата кои котираат на Берза да објавуваат политика на дивиденда, само две друштво објавуваат вакви податоци, како документ, а тоа се Техно Комерц и од оваа година Реплек АД Скопје. НЛБ влегува во една хибридна категорија.Она нема посебна дидиденда политика, како документ, но има во Годишниот извештај експлицитно е напишано дека политиката на дивиденда на банката предвидува годишно распределба на добивката 70% од остварената добивка од претходната година и бидејќи станува збор за Банка зависна е од регулаторните барања за капиталот. Па би било добро Банката максимално да се држи до оваа зацртана дивидендна политика, бидејќи ланскиот 30% не е околу 70% околу 70% би било од 60 до 80%.Тоа е значајно затоа што на инвеститорите им се овозможува некоја предвидливост во носењето на своите одлуки, а и за Банката

е добро затоа што на некој начин знае што ќе се случи со судбината на остварената добивка. Па моја сугестија е да се размисли за овој предлог и да се донесе посебен документ, а не да биде во рамките на Годишниот извештај. На крај уште еднаш упати честитки на успешното работење на Банката. ----------

За збор се јави Претседателот на Управниот одбор Бранко Грегановиќ, му се заблагодари на акционерот за дадениот предлог, со оглед дека разбира дека и на акционерите им е потребна предвидливост и истакна дека ќе се земе во предвид оваа сугестија. Како никој друг не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог-Одлуката за определување на износот на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.--------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за определување на износот на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година**/прилог на овој записник/.----------

Се премина на точка **13 од Дневниот ред Предлог – одлука** за назначување друштво за вршење ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2023 година.----------

Претседавачот на собранието истакна дека согласно Законот за банките, Надзорниот одбор предлага, а Собранието на банката избира друштво за ревизија на Банката. Согласно насоките за ревизија на финансиските извештаи на членките на НЛБ Групацијата, избраното друштво за вршење ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје во согласност со регулативата на Народна банка на РСМ, финансиските извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување и ревизија на известувачкиот пакет за потребата за консолидација на НЛБ Групацијата за 2023 година, да биде групацискиот ревизор на НЛБ Групацијата кој е избран од страна на НЛБ д.д.-Друштво за ревизија КПМГ Ревизија ДОО Скопје. Претседавачот на собранието праша дали некој бара збор по Предлог – одлуката за назначување друштво за вршење ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2023 година, која е прилог кон материјалите за оваа седница/прилог на овој записник/. Како никој не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог-Одлуката за назначување друштво за вршење ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2023 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.----------

За збор се јави акционерот и Директор на Банката Донка Марковска и истакна дека бидејќи од следната година по подолго време КПМГ Ревизија ДОО Скопје е избрано ревизорско друштво кое ќе врши ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, се заблагодари на преставникот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, на долгогодишната успешна соработка, затоа што во целиот период истите беа партнери на Банката, па и партнери на акционерите и истакна надеж дека и во иднина повторно ќе соработуваат.----------

Претседавачот на Собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за назначување друштво за ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2023 година**/прилог на овој записник/.----------

Се премина на точка **14 од Дневниот ред Предлог – одлука** за одобрување на Политика за наградување на НЛБ Банка АД Скопје.----------

Претседавачот на собранието по оваа точка истакна дека, согласно со доставените насоки од НЛБ д.д.Љубљана од 07.12.2022 година, на ниво на НЛБ Групација во новата верзија на Политиката за наградување се вршат измени кои се однесуваат на техничка корекција на условите за донесување одлуки за доделување на варијабилен дел на наградување во делот со наслов: „Исплата на варијабилен дел од плата на идентификувани вработени", како и во дел на „Преодни и завршни одредби", во делот којшто се однесува на користење и на Политиката за наградување од 2019 година, која Политика за наградување е прилог кон материјалите за оваа седница/прилог на овој записник/. Претседавачот на собранието праша дали некој бара збор по Предлог – одлуката за одобрување на

Политика за наградување на НЛБ Банка АД Скопје, која е прилог кон материјалите за оваа седница /прилог на овој записник/. Како никој не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог-Одлуката за одобрување на Политика за наградување на НЛБ Банка АД Скопје, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 745.592 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.--------

Претседавачот на Собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на Политика за наградување на НЛБ Банка АД Скопје**/прилог на овој записник/.--------------------------------

Се премина на точка **15** од Дневниот ред **Предлог – одлука** за измена и дополнување на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје.---------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието по оваа точка истакна дека, измените на Статутот се вршат согласно Одлуката за определување и промена на имиња на улици, мостови и плоштади на подрачјето на град Скопје донесена од Советот на град Скопје и издадено Уверение од Град Скопје со кое се потврдува измената на улицата од ул. Мајка Тереза бр.1 во ул. Водњанска бр.1. Дополнително, измените на Статутот се вршат поради усогласување на надлежностите на членовите на Управниот одбор, согласно донесена Одлука од страна на Надзорниот одбор на ден 31.03.2023 година за именување на нов член на Управниот одбор и се предвидува Управниот одбор на Банката да продолжи да работи во состав од 4 члена, а по добивање на согласност од НБРСМ за новиот член на Управен одбор. Се врши промена на нивото на одлучување на интерни акти во Банката како и се врши рационализација на работата на органите на Банката со предвидување на дигитално потпишување на интерни акти и одлуки во Банката.---

Претседавачот на собранието праша дали некој бара збор по Предлог – одлуката за измена и дополнување на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, која е прилог кон материјалите за оваа седница/прилог на овој записник/. За збор се јави акционерот Венко Темелковски, кој истакна дека е против промена на називот на ул.Мајка Тереза во ул.Водњанска, со оглед на тоа што веќе четири пати градот го менува називот на улицата. Исто така истакна дека не е правилно ул.Водњанска туку смета дека треба да биде ул.Водненска и предложи Банката да реагира за овој негов предлог пред надлежниот орган. Како никој друг не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог-Одлуката за измена и дополнување на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката е усвоена. ЗА предлогот гласаа 743.632 акции со право на глас, ПРОТИВ 1960, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------------------

Претседавачот на Собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за измена и дополнување на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје** /прилог на овој записник/.--------------------------------

Поради исцрпување на дневниот ред, Претседавачот го заклучи Годишното собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје во 14:10(четиринаесетчасотидесетминути).--------------------------------

Овој записник лично го составив на петнаесет страници на петнаесет листа, го следев целокупниот тек на седницата на Годишното собрание на акционери и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на седницата, а кои се од важност за оценка на законитоста на постапката за донесување на одлуките, за што Претседавачот на Собранието потврди дека неговата содржина одговара на фактичката состојба, па во знак на согласност со неговата содржина своерачно го потпишува.--------------

**<u>Претседавач</u> на Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје**--------------------------------

____________________________________________с.р.--------------------------------------------

**Акционер Нова Љубљанска банка Д.Д. Љубљана-преку полномошник адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје**----------------------------------------------------------------

При составување на записникот се издадени изводи еден за учесникот НЛБ Банка АД Скопје, еден за Народна Банка на Република Северна Македонија, еден за Централен Регистар на Република Северна Македонија-Трговски регистар и регистар на други правни лица и еден за учесникот НЛБ Банка АД Скопје без прилози кон оваа исправа, а изворникот се чува во архивот на Нотарот.--------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Нотарска награда по член 41 и 54 од Нотарската тарифа е пресметана во износ од *15.500,оо* денари и надоместок на трошоци по член 52 од Нотарската тарифа е пресметан во износ од *1.800,оо* денари.----
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ОДУ.бр.380/23**--------------------------------------------------------------------------------------------------
Во Скопје 2023.05.31-Двеилјадитаидваесетитрета година, месец мај, ден триесетипрви.---------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**НОТАР**
**НАДА ПАЛИЌ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основните судови на градот НОТАР НАДА ПАЛИЌ СКОПЈЕ

Јас НОТАР, НАДА ПАЛИЌ

ул. Пролет бр. 35 А Скопје

(име, презиме и седиште / адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е прв извод - потполн - во изводок, кон кого не се приложени - се приложени препис од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 380/23

Во Скопје 31.05.2023 година

НОТАР

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ